**20260230338**

## МИНИСТЕРСТВО ЗА ВНАТРЕШНИ РАБОТИ

Врз основа на член 13 став 1 од Законот за прометот на експлозивни материи („Службен лист на СФРЈ“ бр. 30/85, 6/89 и 53/91) кој согласно член 5 став 1 од Уставниот закон за спроведување на Уставот на Република Македонија („Службен весник на Република Македонија“ бр. 52/91 и 4/92) е преземен како републички пропис и („Службен весник на Република Македонија“ бр. 12/93, 66/07, 86/08, 148/15 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 294/21), Министерството за внатрешни работи објавува

## ЛИСТА ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ЛИСТАТА НА ЕКСПЛОЗИВНИТЕ МАТЕРИИ ШТО МОЖАТ ДА СЕ ПУШТААТ ВО ПРОМЕТ

Во Листата на експлозивните материи што можат да се пуштаат во промет („Службен весник на Република Македонија“ бр. 64/98, 19/01, 46/04, 106/06, 208/15 и 104/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 56/19, 120/19, 231/19, 52/20, 42/21, 140/21, 280/22, 147/23, 176/24 и 252/25), во Дел I. „СТОПАНСКИ ЕКСПЛОЗИВИ“ во точката 75 точката на крајот од реченицата се заменува со точка и запирка и се додаваат шест нови точки 76, 77, 78, 79, 80 и 81, кои гласат:

„76. Експлозивни средства за цивилна употреба – EMEX и EMEX AL Modul D, со класификација UN 0241, Експлозив, Тип Е, 1.1 D, (со ф - од 28mm до 80mm), производство на „EXTRACO S.A Straange AE Chemicals & Explosives, со седиште на адреса 3-ти Септември, Атина, Грција;

77. Експлозивно средство за цивилна употреба – HEAVY EMEX LC Modul D, со класификација UN 0241, Експлозив, Тип Е, 1.1 D, производство на „EXTRACO S.A Straange AE Chemicals & Explosives, со седиште на адреса 3-ти Септември, Атина, Грција;

78. Експлозивно средство за цивилна употреба – Paladyn 31 Eco, Modul C, со класификација UN 0081, Експлозив, Тип А, 1.1 D, (со ф – 20mm до 80mm), производство на „Zaklady Tworzyw Sztucznych NITRON S.A, Полска;

79. Експлозивно средство за цивилна употреба – NITROBOOSTER 10M, со класификација UN 0065, Експлозив, 1.1D, производство на „NITROBERG S.A. Bierun, Полска;

80. Експлозивно средство за цивилна употреба – BOOSTER D25, Modul B, со класификација UN 0042, Експлозив, 1.1D, производство на „Dunarit Corp“, Русе, Бугарија;

81. Експлозивно средство за цивилна употреба – PREMIERCORD/SAFCORD детонаторски фитил, Modul B, со класификација UN 0065, компатибилна група 1.1D, (од 6gr/m, 12gr/m и 40gr/m), производство на „Premier Explosives“ Ltd, Andhra Pradesh, Индија.“.

Бр. 13.1.1-22813/1
2 февруари 2026 година
Скопје

Министер
за внатрешни работи,
**Панче Тошковски,** с.р.